Дневни биттени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 04.08.2023

Денеска (04.08.2023) во 10.50 часот на ул.„Втора македонска бригада" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрати три СВР Скопје го лишиле од слобода И.К.(53) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор за сторено кривично дело по член 268 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 03.08.2023 во 16.30 часот, полициски службеници од Одделот за суздивање на организиран и сериозен криминал го лишиле од слобода В.А.(36) од Република Албанија, затоа што кај него била пронајдена македонска патна исправа на друго лице македонски државјанин. Лицето било задржано во Полициската станица Кисела Вода и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.08.2023 во 01.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Струмица го привеле Ј.А.(27) од Струмица. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен суд Струмица за издржување на затворска казна за сторени кривични дела „тешка кражба". Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Струмица за издржување на казната.

На 03.08.2023 во с.Долнени, полициски службеници од Полициското одделение Ропотово ги лишиле од слобода Ј.А.(27) , А.С.(24), А.А.(19), сите од Прилеп, затоа што при преглед кај ним и во возилото „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, во кое се превезувале, биле пронајдени и одземени марихуана спакувана во помали пакувања подготовни за продажба, дигитална вага и други предмети. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.08.2023 во 23.30 часот, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Н.Д.(54) од Струмица, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.08.2023 во 21.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Т.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.08.2023 во 21.05 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници го лишиле од слобода У.Д.(40) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (03.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 322 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 96 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, 29 санкции за прекршоци што ги прават пешаците, 28 мерки за прекршоци ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за возење под дејство на алкохол, пет мерки за некористење сигурносен појас...

Во текот на вчерашниот ден (03.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 280 возачи. Од нив, 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 168 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 112 надвор од населено место.

Вчера (03.08.2023) во периодот од 16.30 до 23.30 часот спроведена е засилена акциска контрола во делот на сообраќајот на територијата на општина Чаир во Скопје. При контролата санкционирани се 109 возачи, од кои 41 мерка за возење повеќе од дозволената брзина, 15 санкции за возачи на мотоцикл кои не користеле заштитна кацига за време на возење, седум мерки за возење без возачка дозвола, 22 санкции за непрописно паркирани возила...

На 03.08.2023 во 20.30 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека во гостиварско Чегране се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл со гостиварски регистарски ознаки, управуван од малолетник од Чегране и патничко возило „мерседес" со странски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(54) од Чегране. Во несреќата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар во Гостивар. Увид на местото извршила екипа од ОВР Гостивар.

На 03.08.2023 во 16.50 часот во Полициска станица Карпош, В.К.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Вич" бил каснат од куче скитник.

На 03.08.2023 во СВР Битола, И.П.(42) од Битола пријавил дека на ул.„Цар Самоил" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 03.08.2023 во 17.30 часот во Полициската станица Гостивар, А.Ј.(25) од гостиварска Долна Бањица пријавил дека на улица „Кеј Вардар" бил каснат од куче скитник.

На 04.08.2023 во 00.05 часот од просторот на поранешната касарна во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ги привеле М.Р.(24) и Б.А.(23), двајца од Косово, затоа што кај нив бил пронајден и одземен кокаин. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.08.2023 во 15.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Д.(44) од Куманово. Тој се сомничи дека на 02.08.2023, на бензинска пумпа на автопатот Куманово– Скопје, одвел паричник од Ч.М. од Република Албанија. А.Д. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

СВР Скопје – Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Ж.М.(62) од Скопје за сторено кривично дело „загрозување на животната средина и природата со отпад" по член 230 ст.3 од Кривичниот законик. Пријавеното, при извршена контрола на 06.10.2022 од страна на полициски службеници од Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје и инспектори од Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за животна средина, на имотот визуелно и нерегистрирано место за откуп и продажба на секундарни суровини во населба Радишани, Општина Бутел, бил затекнат како неовластено тргува со отпад. Притоа е утврдено дека тој не е регистриран во Централниот регистар како физичко лице или како трговец поединец и не поседува Дозвола за вршење дејност за управување со отпад, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, која е должен да ја поседува согласно чл. 64 од Законот за управување со отпад.

На 03.08.2023 во 17.00 часот во ОВР Пробиштип, 44-годишна жена од Кочани, со живеалиште во Пробиштип, пријавила дека нејзината лична карта била злоупотребена за подигање на брзи кредити. Според пријавеното, на социјалната мрежа Фејсбук таа ја објавила својата трансакциска сметка за уплата на средства како донација за лекување на член на фамилија, по што едно лице преку порака на социјалната мрежа ѝ ја побарало личната карта за да направи донација, а по кратко време на сметката ѝ биле исплатени 70.000 денари од две финансиски друштва. Како што е пријавено, веднаш потоа ѝ се јавило машко лице кое, претставувајќи се како сопственик на фирма, ја известило дека наводно по грешка ѝ била извршена уплата на нејзината сметка и побарало парите да му ги врати, испраќајќи ги по таксиот возило во Скопје. Таа се посомневала дека е измамена и случајот го пријавила во полицијата. Во координација со јавен обвинител се преземаат мерки за негово расчистување.

На 04.08.2023 во 04.00 часот на булеварот „Туристичка" во Охрид, полициски службеници го привеле К.Б.(21) од Охрид, затоа што кај него бил пронајден и одземен метален пендрек. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.08.2023 во 00.58 часот во ОВР Кичево било пријавено дека два угостителски објекта на булеварот „Ослободување" во Кичево го нарушиле јавниот ред и мир со пregласна музика. Од преземените мерки, констатирана била бучава од 80 децибели. Против правните субјекти и одговорните лица ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 03.08.2023 во 16.50 часот на автопатот Тетово-Скопје, кај наплатна станица Желино, полициски службеници од Полициското одделение Гостивар го затекнале Н.К.(30) од Кичево како врши питачење, движејќи се со коловозот на автопатот, со цел кто го попречувал нормалното одвивање на сообраќајот. Лицето било отстрането и му бил изготвен соодветен поднесок.

На 04.08.2023 во 00.05 часот во СВР Куманово, С.Ј.(55) од Куманово пријавил дека на ул. „Срешко Пужаља" тој и неговото куче домашен миленик биле каснати од куче скитник.

На 03.08.2023 во 23.30 часот во Полициската станица Аеродром, А.Б.(45) од Скопје пријавил дека околу 21.30 часот пред угостителски објект во трговски центар на подрачје на Аеродром, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против Л.В. од Република Грција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „давање поткуп". На 01.08.2023 на автопат Демир Капија-Неготино, на наплатна станица Демир Капија, при контрола од страна на полициски службеници, тој во сообраќајната документација која ја дал на увид, ставил банкнота од пет евра за да не се изврши службеното дејствие.

На 03.08.2023 во 15.13 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза" со повреди бил донесен С.Т.(50) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување работни задачи во правно лице на подрачје на Драчево.

На 03.08.2023 во 14.20 часот во Полициската станица Гази Баба, С.Е.(38) од Скопје пријавил дека во 11.50 часот во двор на правно лице на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неговиот колега Д.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.08.2023 околу 22.20 часот во Полициската станица Драчево, Ј.Т.(68) пријавила дека околу 22.00 часот на подрачје на Драчево, поради претходно недоразбирање, била физички нападната од 40-годишната М.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Т.В.(53) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и навлегување во компјутерски податоци". Пријавеното, на 17.06.2023 пронашла изгубена платежна картичка на жена од Кочани и, во периодот од 18 до 21.06.2023, во 40 наврати во повеќе продажни места во Кочани и Свети Николе, извршила трансакции и предизвикала штета во вкупен износ од 33.780 денари.

На 03.08.2023 во 12,30 часот во Полициската станица Чаир, М.К.(53) од Скопје пријавил дека околу 11.00 часот на подрачјето на Чаир, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.08.2023 во 15.55 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека настанал пожар на надворешна единица од клима уред во стан на подрачје на Карпош, сопственост на Д.М.(49). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 03.08.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Чаир било пријавено дека на подрачјето на Чаир, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.Д.(50) и З.Д.(48), двете од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.Б.(23) од с.Горна Бањица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Пријавеното, на 20.05.2023 во неговата авто-лакерска работилница во Гостивар продал патничко возило „опел корса", без согласност на сопственикот А.А.(19) од с.Балин Дол, кој го оставил за лакирање и поправка. На тој начин пријавениот се стекнал со противправна имотна корист.

На 03.08.2023 во Полициската станица Бит Пазар, А.Ф.(54) од Скопје пријавил дека околу 19.10 часот на автобуска постојка на подрачје на Чаир, додека управувал автобус, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од И.Р.(32) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.08.2023 во 22.30 часот во Полициското одделение Сарај, Х.Р.(48) од с.Бојане пријавил дека околу 22.00 часот на покривот од неговата куќа пронашол залутано зрно. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.08.2023 во 15.19 часот во Полициската станица Аеродром било пријавено дека на подрачје на Аеродром настанал пожар на сува трева и огревни дрва, сопственост на Б.Т.(86) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 03.08.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување на деца се оддалечила нивната штитеничка И.П.(17) од Скопје, која и претходно во повеќе наврати се оддалечувала и била враќана во установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.08.2023 во Полициското одделение Арачиново, Ш.Л.(37) од Скопје пријавил дека околу 21.50 часот во неговиот двор во с.Арачиново забележал како паднало залутано зрно. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, која го подигнала зрното за понатамошна постапка.